# ЗАКОНИ И ПАРИЧНИ КАЗНИ

## *Локални закони*

Локалните закони се збир од закони што треба да ги почитуваат сите луѓе што живеат или работат во општината Витлси. Тие закони им кажуваат на луѓето што смеат и што не смеат да прават. Целта на локалните закони е да го одржуваат мирот во заедницата и да ја направат заедницата подобро место за живот.

Има многу локални закони што можеби никогаш нема да ги примените, но некои од нив секојдневно влијаат на вас. Некои од законите што треба да ги знаете се наведени подолу, а повеќе за другите закони има на другите информативни страници на ова место на итнернет.

Ако не ги почитувате законите може ќе треба да извршите одредена работа за која Општината ќе нареди да биде извршена до рокот што ќе го определи Општината, а исто така може ќе треба да платите парична казна или да одите на суд за да одлучи судијата дали треба да бидете казнети.

## *Парични казни*

Парична казна е паричен износ што мора да го платите како казна за тоа што не сте ги почитувале законите. Општината може да ви каже како да платите парична казна или што да сторите ако мислите дека не треба да ја платите паричната казна.

## *Закони што треба да ги знаете*

### Велосипеди

Кога возите велосипед, постојано мора да носите заштитен шлем.

### Коли и паркирање

Има многу правила што треба да ги знаете во врска со вашата кола и со тоа каде е дозволено паркирање. Прочитајте ја информативната страница за Автомобили и паркирање за да дознаете повеќе.

### Отпадоци / Ѓубре

Не смеете да фрлате догорчиња од цигари, хартија, пластика, конзерви од пијалоци или друго ѓубре наземи, ниту пак да фрлате нешто од кола или од возило.

Вашето ѓубре мора да го чувате во канти за ѓубре или во други садови на вашиот имот. Не смеете да го ставате вашето ѓубре од домаќинството во уличните кошници за отпадоци. Ѓубрето од вашето домаќинство ставајте го во вашата сопствена подвижна канта за ѓубре (‘wheelie bin’).

Не смеете да ставате рекламни материјали на коли, бандери или згради или во поштенски сандачиња на кои има знак да не се става несакана пошта или рекламни материјали (знак ‘no junk mail’ или ‘no advertising’).

Ако најдете ѓубре што го оставил некој друг или видите некој како фрла ѓубре на недозволено место, може да го пријавите тоа во Општината.

### Колички за пазарување

Многу самопослуги имаат колички за пазарување за да им помогнат на луѓето да ги однесат купените работи до својата кола. Количките за пазарување треба да се вратат во самопослугата откако ќе ги ставите купените работи во вашата кола. Може да бидете парично казнети ако оставите количка за пазарување на улица, на пешачка патека, во парк, на празно земјиште или ако ја однесете дома.

### Блокирање на улици и на пешачки патеки

На пешачките патеки, на улиците или на земјиштата не смеете да оставате никакви предмети што може да им го блокираат патот на луѓето или да претставуваат опасност за луѓето. Тоа вклучува градежни материјали, алати и опрема, садови, мебел, знаци, бандери, скелиња, стоки за продажба или било какви други предмети што може да блокираат пешачка патека, улица или земјиште. Исто така не смеете да дозволите вашата ограда да се навали накај пешачката патека.

Ако на вашиот имот одгледувате растенија во близина на пешачката патека, не смеете да дозволите растенијата да се надвиснуваат над пешачката патека затоа што можат да ги препнат пешаците или да им ги повредат очите или да им ги оштетат очилата со гребење.

### Животни

Има правила во врска со чувањето животни на вашиот имот. Ако чувате кучиња или мачки како миленичиња, мора да ги регистрирате секоја година во Општината. Прочитајте ја информативната страница за Животни за да дознаете повеќе.

Ако вашето куче гласно лае, или премногу често, мора да го дресирате да не лае. Јавете се во Општината за да дознаете кои клубови за кучиња можат да ви помогнат да го дресирате вашето куче.

### Врева

Мора да се осигурате дека не правите гласна врева што ќе ги вознемирува луѓето што живеат околу вас. Ако треба да користите бучна опрема, тоа треба да го правите само во текот на денот. За проблеми со кучиња што лаат видете во ‘Животни’.

### Вашиот дом и земјиште

Има правила што  мора да ги почитувате во врска со начинот на кој се грижите за вашиот дом, земјиште и тревната површина. Прочитајте ја информативната страница за ‘Вашиот дом’ за да дознаете повеќе.

## Како да се јавите во Општината

Општината Витлси има Повеќејазична информативна служба (Multilingual Telephone Information Service) каде што може да се добие помош од преведувач. Оваа услуга е бесплатна, а можете да ја добиете ако се јавите на следните броеви

| | |
|---|---|
| عربي | 9679 9871 |
| Hrvatski | 9679 9872 |
| Ελληνικά | 9679 9873 |
| Italiano | 9679 9874 |
| Македонски | 9679 9875 |
| Malti | 9679 9876 |
| Türkçe | 9679 9877 |
| Việt-ngữ | 9679 9878 |
| All other languages | 9679 9879 |
| English | 9679 9880 |